## Регионален проект за набљудување на судските процеси

# Борба против организираниот криминал и корупцијата во Западен Балкан



Владеењето на правото, борбата против сериозниот организиран криминал и корупција и поддршката за поефективно судство во Западен Балкан се клучни компоненти во работата на ОБСЕ.

### Позадина

ОБСЕ ги поддржува локалните институции во нивните напори да постигнат долготрајна стабилност и просперитет, како и да ги остварат нивните локални и регионални стратешки приоритети.

ОБСЕ, со поддршка на Европската Комисија, со цел зајакнување на заедничките програмски приоритети, започна тригодишен Регионален проект за набљудување на судските процеси (2021-2023).

Овој проект е имплементиран од теренските операции на ОБСЕ во Тирана, Сараево, Подгорица, Скопје и Приштина, со поддршка од Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и координиран од страна на Центарот за превенција на конфликти при Секретаријатот на ОБСЕ.

Основите на оваа регионална иницијатива беа поставени во текот на Самитот ЕУ-Западен Балкан во 2018 година во Софија, каде шефовите на Владите на земјите од Југоисточна Европа се согласија да воведат „набљудување на судските процеси во областа на високата корупција и организираниот криминал“.

### Цели на проектот

Главната цел на овој проект е да се промовира поефективен судски одговор кон корупцијата и организираниот криминал во Западен Балкан. Проектот цели кон зголемување на независноста, квалитетот и ефикасноста на судските системи, така што ќе ги поддржи во борбата против високата корупција и организираниот криминал кои се закана за долгорочната стабилност и просперитет во регионот.

Поддршка за поефективен судски одговор кон корупцијата и организираниот криминал во Западен Балкан.

Funded by the European Union

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe

## План за постигнување на целите

Овој Проект ќе изврши преглед на воспоставените практики на терен, ќе идентификува системски проблеми, ќе даде препораки и наоди до сите релевантни учесници за нивните понатамошни активности, истовремено осврнувајќи се на дефицитите при спроведувањето на правдата.



## Имплементирање на проектот

Проектот ќе ги анализира податоците собрани во текот на набљудувањето и ќе ги дефинира системските проблеми и можните причини за истите, истовремено овозможувајќи ОБСЕ и судската власт во секоја од петте земји корисници на инструментот за Претпристапна помош (ИПА) II, да одредат каде е постигнат успех во борбата против организираниот криминал и корупција, а каде е потребно да се вложат дополнителни напори. Оваа анализа ќе биде основа за спроведување на понатамошна политика, законодавна реформа и активности за градење на капацитетите, кои ќе бидат прилагодени на потребите.

ОБСЕ гарантира дека нејзините набљудувачи се водат по начелата на немешање, објективност и доверливост, во согласност со Кодексот за однесување на ОБСЕ и методологијата за набљудувањето на судските процеси, како и националното законодавство.

ОБСЕ е постојано во тесна соработка со професионалци од правосудниот сектор со цел зајакнување на односите и меѓусебната доверба, како и нивно понатамошно ангажирање за подобрување на работата на нивните институции. Исто така, предвидена е и тесна соработка со граѓанските организации и медиумите, бидејќи тие се клучни партнери за зајакнување на владеењето на правото.

## Селекција на случаи кои ќе бидат предмет на набљудувањето

Случаите кои ќе се набљудуваат се избрани во согласност со методологијата на ОДИХР, договорена помеѓу ОБСЕ и Европската Комисија.

## Резултати од Проектот

Резултатите од проектот треба да бидат од корист за секоја од петте земји корисници на инструментот за Претпристапна помош (ИПА) II кои се дел од оваа иницијатива, бидејќи главната цел е зајакнување на владеењето на правото, а со тоа и подобрување на социјалната стабилност и просперитет во Западен Балкан. На крајот на Проектот, во 2023 година, е планирано објавување на Извештај со финални наоди и препораки.

Повеќе детали околу проектот можете да најдете на https://www.osce.org/WesternBalkansTrialMonitoring или следете нè на социјалните медиуми #RegTrialMonitoring

Follow OSCE

OSCE Secretariat
Wallnerstrasse 6
1010 Vienna, Austria

E-mail: Eirini.Patsea@osce.org
www.osce.org/WesternBalkansTrialMonitoring

Оваа публикација беше произведена со финансиска поддршка од Европската Унија. За содржината на истата е исклучиво одговорна ОБСЕ и не мора да го изразува ставот на Европската Унија.

Funded by the European Union

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe